Фондација за одржливи информатички решенија

Јуни 2011
Скопје, Македонија

Извештај за проектот:
“Балканска мрежа за застапување при управување со е-отпад”

Балканска мрежа за застапување при управување со е-отпад
www.bewman.mk

Носител на проектот: Фондација Метаморфозис

Гоу Грин Скопје
ул. Наум Охридски 34
1000 Скопје

Балканска мрежа за застапување при управување со е-отпад
www.bewman.mk

Активности реализирани од страна на Здружение на граѓани за одржлив развој и заштита на животната средина Гоу Грин Скопје, според договор за соработка потпишан на 19.04.2011.

Како дел од проектните активности, Гоу Грин Скопје спроведе 4 (четири) јавни настани во текот на Мај и Јуни, и тоа:

1. Тренинг-работилница за Е-отпад (14.05)
2. Инфо-штанд и предавање на ЛАН Фест (20-22.05)
3. Филмска вечер “Waste land” (28.05)
4. Работилница за креативна реупотреба (04.06)

Во текот на сите четири активности се промовираше проектот Е-отпад, разговорно со објаснување на проектот и преку промотивните материјали изготвени од Метаморфозис. Дополнително, на Фејсбук страната се промовираше фан страната “Less e-waste in the Balkans” и сите активност на проектот, на затворените и отворените групи/фан страни на Гоу Грин.

1. Тренинг-работилница за Е-отпад (14.05)

Тренинг работилницата се одржа во кино салата во Музејот на Македонија, (стара чаршија). Целта на тренингот беше младите да се запознаат со концептот на Е-отпад и ситуацијата во Македонија. На тренингот беа присутни 32 млади луѓе, членови на Биди-Зелен-Клубовите од Скопје и Куманово. На тренингот беа користени информации и материјали од обуката во Струмица (16-18.03). Доколку сте заинтересирани за повеќе информации, повеќе фотографии и материјали се на располагање.



2. Инфо-штанд и предавање на ЛАН Фест (20-22.05)

ЛАН Фест Конференцијата е настан кој им овозможува на изложувачите и посетителите ефективна соработка во полето на информатичките и комуникациските технологии. ЛАН Фест се одржа во мултифункционалната спортска сала „Борис Трајковски“, во периодот од 20-22 Мај 2011 година. Учесниците на овој настан се главна таргет група и најголеми производители на компјутерска и електронска опрема и затоа присуството на Гоу Грин (заедно со Метаморфозис) беше од големо значење за подигнување на свеста за овој вид на отпад. На линкот може да прочитате повеќе за ЛАН Фест настанот: http://www.lanfest.mk/exibitor/GoGreen.html. На инфо-штандот присуствуваа членови од Биди-Зелен-Клубовите од Скопје, Тетово и Куманово кои ги информираа посетителите за проектот и ја промовираат иницијативата за собирање на електронски отпад. Во големата кутија за Е-отпад се собраа 42 предмети (стари ЦДиња, касети, звучници итн.). Овој “отпад” се употреби како инпут во работилницата за креативна употреба (активност бр.4). Покрај инфо-штандот и собирниот пункт, Гоу Грин имаше и предавање на 22ри Мај на кое присуствуваа 18 лица. На предавањето се презентираше проектот Е-отпад и ситуацијата во МК на ова поле.



3. Филмска вечер “Waste land” (28.05)

Во ГЕМ Клубот (www.gem.org.mk) со почеток од 18:30 се прикажа документарниот филм “Waste land” чие дејствие се одвива во Бразил и претставува инспиративна приказна за животот на симорасите и луѓето кои работат на отпад, како и уметноста која може да произлезе од самиот отпад. После филмот следуваше 30 (триесет) минутна дискусија. На настанот присуствуваа 24 лица.






4. Работилница за креативна реупотреба на отпад (04.06)

Работилницата за креативна реупотреба се реализираше во Музејот на МК (стара чаршија) и беше од отворен тип, односно секој заинтересиран можеше да присуствува. Се изработуваа 3 производи и тоа: тетратка, платнена торба и производ од е-отпад. За да биде успешна работилницата најважно беше секој посетител да донесе свој отпад потребен за изработка на некој од наведените производи! За изработка на производите, посетителите беа охрабрувани во текот на целиот месец кога траеше повикот за работилница да собираат најразновиден материјал кој може да се реупотреби при изработката на назначените производи.
На работилницата се изработуваа три производи за чија изработка беа употребени следниве материјали:
1. НОТЕС (празни листови од недоискористени тетратки, тефтери кутии, картони и стари списанија кои можат да послужат за декорација на корицата на нотесот)
2.ТОРБА (стари маици или блузи)
3.Паричник од Е-ОТПАД (аудио, видео касети, цд-ињa, флопи дискети, стари тастатури)
Од Гоу Грин беа обезбедени материјали кои им помогнаа на учесниците да го реализираат својот дизајн и притоа да научат нешто повеќе за реупотреба на електронскиот отпад. Учесниците особено беа стимулирани да изработуваат производи кои ќе бидат изработени исклучиво од е - отпад со минимална употреба на нови материјали. На работилницата учествуваа околу 40 учесници. Се изработија 40 предмети. Секој од учесниците заминаа дома со производите кои ги изработија на оваа работилница.







Гоу Грин Скопје
ул. Наум Охридски 34
1000 Скопје

Балканска мрежа за застапување при управување со е-отпад
www.bewman.mk